# НАЦРТ

# АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

## Содржина

1. АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА ........ 3

**1.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ ЗА АНАЛИЗА** ........ 3

**1.2. АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НИВО НА АПЕЛАЦИОНИ ПОДРАЧЈА** ........ 5

1.2.1. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА ........ 5

1.2.2. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ ГОСТИВАР........ 10

1.2.3. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ ........ 17

1.2.4 КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ ШТИП........ 24

2. АНАЛИЗА НА ВОЕДНАЧЕНОСТА НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО........ 26

# АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

## 1.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ ЗА АНАЛИЗА

Со анализата на квалитетот на судските одлуки беа опфатени четирите апелациони подрачја: Битола, Гостивар, Скопје и Штип. Во прибирањето на одлуките се водеше сметка да бидат донесени во периодот на 2017, 2018, 2019 и 2020 година, да се аноминизирани и во постапките една од страните да биде граѓанинот, па затоа истите се однесуваат на прекршоците од јавен ред и мир и сообраќај.

Одлуките во прекршочни постапки се добиени по писмено обраќање до судовите или преземени од платформата dejure.mk. При прибирање на одлуките од основните и апелационите судови имаше потешкотии да се преземат поголем број одлуки, затоа што има ограничен број аноминизирани одлуки, или воопшто нема вакви одлуки на официјалните платформи на судовите.

**Во оваа анализа се опфатени вкупно 60 одлуки од сите апелациони подрачја и тоа: 14 одлуки од Апелационо подрачје – Битола (**7 одлуки донесени од основните судови и 7 одлуки од Апелационен суд – Битола); **14 Одлуки од Апелационо подрачје – Гостивар** (6 одлуки донесени од основните судови и 8 одлуки од Апелационен суд Гостивар); **23 Одлуки од Апелационо подрачје – Скопје** (11 од Основниот кривичен суд Скопје и 12 одлуки од Апелационен суд Скопје); **9 Одлуки од Апелационо подрачје – Штип** (4 одлуки од Основните судови и 5 одлуки од Апелационен суд Штип).

Истражувањето не ги опфаќа постапките на органите на државната управа, организација или другите органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведувањето на законите со кои се пропишани прекршоците, иако индиректно преку ваквите постапки се спречува повреда на правото на голем број граѓани од сторениот прекршок. Инаку, во Законот за прекршоците[1] (ЗП) член 49, определено е дека „прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд, а за одделни

[1] Службен В. на Република Северна Македонија бр. 96/2019 од 17.05.2019

прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и службено лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече прекршочен орган и овластено службено лице".

Имено, граѓаните или соодветни организации кои ги застапуваат нивните интереси пред надлежните државни органи, инспекторати, агенции (на пример: Агенција за електронски комуникации, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и други регулаторни тела можат да поднесат пријава до надлежниот орган кој ја поведува постапката, па во такви случаи согласно посебниот материјален закон по кој тој орган поставува се спречува и санкционира противправно однесување на правно лице и се изрекува соодветно пропишана прекршочна санкција со што се штитат интересите на граѓаните. Со истражувањето не се земени предвид одлуките на Управниот суд кој има ингеренции да решава за правата и обврските во поединечни управни работи, **како и за актите донесени во прекршочна постапка**, кога за решавање во втор степен против таквиот акт не е обезбедена друга правна заштита.

Овие области треба да бидат предмет на идна пообемна анализа која ќе го опфати подрачјето на прекршочното право во сите негови сегменти.

## 1.2. АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НИВО НА АПЕЛАЦИОНИ ПОДРАЧЈА

### 1.2.1. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА

**Вовед**

Направена е анализа на вкупно 14 одлуки, од кои 7 одлуки донесени од основните судови и 7 одлуки од Апелационен суд – Битола.

Начинот на оценување на одлуките се засноваше на проценка на целата одлука, секој нејзин дел, начинот на изведување на докази, наведувањето на доказите и постоењето на контрадикторност, дали изречената прекршочна санкција е заснована на законските одредби односно дали е правилно применето материјалното право и дали постојат одредени повреди на водењето на прекршочната постапка, како и упатствата дадени до основниот суд доколку предметот се враќа на повторно одлучување.

Предвид беа земени прекршоци од јавниот ред и мир и прекршоци во сообраќајот, каде обвинетиот е физичко лице (граѓанин).

*а) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА*

1Б14О

Одлуката не го содржи основниот елемент (време, место и начин), односно кажана е улицата, но не и градот каде е сторен прекршокот и во самата одлука не е наведено зошто истата не содржи образложение. Постои само Изрека на одлуката во која е опишан сторениот прекршок и изречените прекршочни санкции, а не стојат никакви други наводи за донесување на одлуката. Нема образложение туку само се изрекуваат санкциите, без да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците каде е таксативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение.

2Б14О

Постои само Изрека на одлуката во која е опишан сторениот прекршок и изречената прекршочна санкција, а не стојат никакви други наводи за донесување на одлуката. Нема образложение туку само се изрекуваат прекршочните санкции, без да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците каде е таксативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение.

3Б14О

Со одлуката која се носи, обвинетиот се ослободува од одговорност бидејќи солидно е образложено дека во моментот на сторување на прекршокот обвинетиот не бил сопственик на патничкото моторно возило, туку истото претходно со купопродажен договор било продадено на друго лице.

4Б14О

Со одлуката која се носи, обвинетиот се ослободува од одговорност бидејќи бил оформен кривичен предмет и обвинетиот за истиот настан е веќе кривично осуден со алтернативна мерка судска опомена, па одлуката се носи согласно основното правило „не двапати за исто“.

5Б14О

Изречена е прекршочна санкција- опомена, преку одржан усен претрес каде е изнесена одбраната на обвинетиот во присуство на бранител. Судот со читање ги извел останатите докази констатирајќи дека обвинетиот го сторил прекршокот, а при одмерување на олеснителните и отежнителните околности судот ја ценел материјалната состојба, дека обвинетиот не бил казнуван, не настанале штетни последици за трето лице, но не констатирал дали обвинетиот се каел за сторениот прекршок, што е еден од битните фактори воспитно да се влијае и да се постигнат целите на казнувањето.

6Б14О

Водејќи сметка за измените на Законот за прекршоците, судот правилно ја изрекол максималната предвидена прекршочна санкција- глоба. Судот извел усен претрес, во присуство на обвинетиот, запазувајќи ја контрадикторноста на постапката со сослушување и на сведокот.

7Б14О

Изречена е прекршочна санкција- опомена, а притоа во образложението на одлуката е посочено дека била поведена кривична постапка којашто била запрена со решение поради помирување помеѓу обвинетиот и оштетениот. Судот по правило требал да ја запре прекршочната постапка водејќи се од правилото „не два пати за исто“.

**Заклучок**

**Во еден дел од анализираните одлуки се согледува дека истите не содржат образложение во кое би се навела причината за тоа. Во една од одлуките не се води сметка за примена на правилото од ЗКП чл 4: „не два пати за исто“.**

## *б) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА*

**1Б14А**

Одлуката е јасна, наведена е суштествената повреда на одредбите на постапката, како и барањето за примена на одредбите од Законот за прекршоците со укажување во кои сегмент е потребно судот при повторно одлучување да ја отстрани суштествената повреда.

**2Б14А**

Одлуката содржи изрека во која жалбата се одбива како неоснована, а одлуката се потврдува. Одлуката е без образложение, во која судот се повикува на одредбите од Законот за прекршоците, појаснувајќи дека писмено изработената одлука не содржи образложение.

**3Б14А**

Судот констатира дека е сторена повреда на материјален закон, но истата повреда смета дека е во корист на обвинетиот и тоа е причината што не врши преиначување на одлуката туку истата само ја констатира, што ја прави одлуката во овој дел нејасна.

**4Б14А**

Обвинетите се ослободуваат од одговорност поради застареност на прекршочното гонење, но се поставува прашањето зошто за прекршок сторен во 2012 година, донесена е одлука од Основниот суд Охрид во 2018 година, а апелациониот суд Битола по предметот решава во 2019 година, па постапката трае 8 години.

**5Б14А**

Судот правилно ги применил законските одредби кога не дозволил полномошникот на оштетениот со поднесувањето на жалбата да влијае врз постапката бидејќи истиот вака изјавената жалба ја смета како недозволена.

**6Б14А**

Се работи за укината одлука на Основниот суд Струга, каде Апелациониот суд правилно забележал дека во Изреката на првостепената одлука е изречена прекршочна санкција- глоба во износ од 400 евра, а во образложението на одлуката е изречена прекршочна санкција- глоба во износ од 300 евра. Во случајот се констатира дека Апелациониот суд правилно ја увидел направената повреда во изготвувањето на одлуката и дал јасни напатствија за отстранување на сторена суштествена повреда.

**7Б14А**

Констатирајќи дека станува збор за сообраќајна незгода Апелациониот суд констатира дека задолжително е предвидено издавање на мандатен платен налог кој не бил издаден, што е спротивно на одредбите од законот каде се вели дека: „во случај на сообраќајна незгода, постапката се води пред судот и тој изрекува прекршочна санкција- глоба и

забрана за управување со моторно возило“, па станува нејасно зошто судот ја уважил жалбата на подносителот и изрекол прекршочна санкција- опомена, без притоа да води сметка за околностите, кога може да биде изречена опомена. Ова наведува на заклучок дека не е правилно применет законот.

**Заклучок**

**Судот во основа правилно ги применил законските одредби и правилно ја увидува направената суштествена повреда во изготвувањето на одлуката од страна на основниот суд со давање на јасни напатствија, но има и отстапки кај одредени одлуки. Имено, во една од одлуките судот, констатира дека е сторена повреда на материјален закон, но од причина што повредата е во корист на обвинетиот, не врши преиначување на одлуката, туку истата само ја констатира, што одлуката ја прави нејасна, а во друга одлука судот изрекол прекршочна санкција опомена, без притоа да води сметка за околностите, кога може да биде изречена опомена.**

## 1.2.2. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ ГОСТИВАР

**Вовед**

Направена е анализа на вкупно **14 одлуки, од кои 6 одлуки донесени од основните судови на Апелационо подрачје Гостивар, а 8 одлуки од Апелационен суд Гостивар**.

Начинот на оценување на одлуките се засноваше на проценка на целата одлука, секој нејзин дел, начинот на изведување на докази, наведувањето на доказите и постоењето на контрадикторност, дали изречената прекршочна санкција е заснована на законските одредби, односно дали е правилно применето материјалното право и дали постојат одредени повреди на водењето на прекршочната постапка, како и упатствата дадени до основниот суд, доколку предметот се враќа на повторно одлучување.

Предвид беа земени прекршоци од јавниот ред и мир и прекршоци во сообраќајот, каде обвинетиот е физичко лице (граѓанин).

### *а) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА АПЛАЦИОНО ПОДАЧЈЕ ГОСТИВАР*

**1Г14О**

Одлуката се носи заради повреда на јавниот ред и мир. Во образложението се наведуваат како доказен материјал: списи приложени кон предметот и тоа: записник од одржана седница, белешки, записник за примање на пријава, записник за констатиран прекршок, отпусно писмо, изјава заверена на нотар, <u>без да се наведе датум, број на заверка за ниеден од доказите.</u>

При утврдување на фактичката состојба, не е направена анализа на изведените докази, ниту поединечна анализа на секој доказ врз основа на кој се темели одлуката, ниту пак е

посочена констатација за примената на членот 113 од став (1) (нема елементи врз основа на кои би се донела одлука без образложение, која се носи доколку обвинениот го признал прекршокот, ја надоместил штетата и се откажал од правото на жалба, а таква констатација нема во изјавата на обвинетите.

Со одлуката се изрекува прекшочна санкција- опомена, а констатираме дека истата не ги содржи елементите врз основа на кои судот можел да донесе ваква одлука. Согласно член 24 од ЗП опомената како самостојна прекршочна санкција се изрекува доколку:

- прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска;
-со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или
- прекршокот е сторен за првпат и не предизвикал штетни последици за трето лице;
- не бил загрозен јавниот интерес.

**2Г14О**

Нејасно се формулирани и тешко се следи смислата на речениците во изреката, а има и граматички грешки.

Износот на прекршочната санкција е утврден според куповниот курс на НБРСМ, а треба да биде утврден по среден курс на НБРСМ.

Нејасно се формулирани речениците во образложението. Кога се изведуваат доказите истите не содржат број и датум кога се сочинети (на пример, не се наведува бројот на доказите, датумот под кој се заведени и кој е подносител на истите).

**3Г14О**

Одлуката се носи во скратена постапка и без образложение, во отсуство на обвинетиот, а според законот, не може да се донесе одлука без образложение во отсуство на обвинетиот, односно без сослушување на обвинетиот.

И овде се јавува констатацијата дека судот мисли дека водењето на скратената постапка повлекува и несоставување на образложение, иако во законот се таксативно наведени случаите во кој судот може да донесе одлука без образложение.

Одлука во скратена постапка која нема образложение согласно ЗП може да биде донесена доколку обвинетиот се откаже од жалба (во овој случај одлуката е донесена во отсуство на обвиениот, односно обвинетиот не се откажал од жалба). Види Член 113 ст.7, „Одлуката донесена во скратена постапка, како и одлуката со која обвинетиот го признава прекршокот и кога се откажува од правото на жалба, нема образложение“.

Во случајот, судот погрешно го цитирал членот, наместо да се повика на Член 113 ст. 7, се повикува на член 122 ст. 7, со што констатираме дека е неправилно применето материјалното право и има суштествени повреди на прекршочната постапка.

**4Г14О**

Одлуката се носи во скратена постапка по прекршок 360 ст. 1, а казнив по ст. 4 од Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, каде се вели дека:

Ст. (1) Возилата во сообраќајот на пат задолжително треба да ги исполнуваат пропишаните услови во однос на затемнување на стаклата.

Ст. (4) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

Не е јасно цитирана законската одредба по која обвинетиот се казнува. Во време кога се носи одлуката има измени во ЗБСП, а во овој случај судот не се повикува на измените на ЗБСП, ниту правилно го применува ЗП, бидејќи одлуката ја носи без образложение, а се повикува на член 113 ст. 7, иако обвинетиот не се јавил во судот за испитување.

На обвинетиот му се изрекува прекршочна санкција- глоба од 150 евра, во денарска противвредност од 9.150,00 денари по куповен курс на НБРМ на денот на пресудувањето.

- Не е наведен среден курс на НБРСМ на денот на пресудувањето.
- Не е образложено зошто е направено ублажување на казната, без притоа да биде наведено по кој основ е изречена глобата од 150 евра (не наведуваат членовите од ЗП)

Во Образложението се наведува дека е исполнет условот за водење на скратена постапка и одлучување без испитување на обвинетиот, при што се наведува дека согласно член 104

од Законот за прекршоци, судот одлучил како во диспозитивот и според тоа не се дава посебно образложение.

**5Г14О**

Одлуката се носи по скратена постапка и без образложение, во отсуство на обвинетиот.

Погрешна е примената на материјалното право. Согласно член 113 став (7). Одлука во скратена постапка која нема образложение, може да биде донесена доколку согласно член 113 став (7), обвинетиот се откажува од жалба (во овој случај одлуката е донесена во отсуство, односно обвинетиот не се откажал од жалба).

**6Г14О**

Одлуката се носи по скратена постапка и без образложение, во отсуство на обвинетиот. Погрешна примена на материјалното право. Согласно член 113 став (7). Одлука во скратена постапка која нема образложение, може да биде донесена доколку согласно член 113 став (7) обвинетиот се откажува од жалба (во овој случај одлуката е донесена во отсуство, односно обвинетиот не се откажал од жалба).

- Се изрекува прекршочна санкција – глоба од 150 евра по куповен курс на НБРМ.
- Не е образложено зошто е направено ублажување на казната, без наведување по кој основ е изречена глобата од 150 евра (не наведуваат членовите од ЗП).

**Заклучок**

**Во поголем дел од одлуките има погрешна примена на материјалното право во поглед на член 113 став (7). Одлука која се носи во скратена постапка и која нема образложение, може да биде донесена доколку согласно член 113 став (7), обвинетиот се откажува од жалба (во овој случај одлуката е донесена во отсуство, односно обвинетиот не се откажал од жалба). Во поголемиот дел од анализираните одлуки не се применува правилно материјалното право, се прават суштествени повреди на прекршочната постапка, особено во делот на одлуките кои не содржат образложение се применува материјалното право без притоа да се посочи кои се околностите кои доведуваат до ублажување на прекршочните санкции, што ги прави одлуките нејасни и неразбирливи.**

## *б) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР*

**1Г14А**

Апелациониот суд не ја цени одлуката на првостепениот суд и ги ослободува обвинетите поради апсолутна застареност. Единственото прашање кое се поставува е должината на водење на пркршочната постапка имајќи предвид дека прекршокот е сторен 2016 година, а одлуката е донесена 2020 година.

Кај трошоците е наведено дека паѓаат на товар на Република СМ (погрешна примена на името на државата, недозволено е да се пишуваат кратенки).

**1)2Г14А**

Одлуката е контрадикторна сама на себе, бидејќи апелациониот суд смета дека основниот суд со одлуката ги пречекорил овластувањата со тоа што на запретената казна од 300 евра извршил ублажување и изрекол прекршочна санкција- глоба од 200 евра, а притоа го цитира законот каде што согласно член 31 од ЗП (2015) вели дека глобата може да се ублажи најмногу за 1/3.

Се извлекува заклучок дека основниот суд можел да го ублажи и го ублажил износот на глобата согласно Законот за прекршоците од 2015 година. Не е јасно зошто апелациониот суд се повикува на Законот за прекршоците објавен во Сл. Весник на РМ 51/2011 година, а ги цитира членовите на ЗП од 2015 година.

Одлуката се преиначува заради погрешна примена на материјалното право, а всушност во случајот кај апелациониот суд е погрешно применето материјалното право. Наместо да го примени законот од 2015 го применува законот од 2011 година, не водејќи сметка дека прекршокот е од 2018 година.

Изреката на одлуката е нејасна со неутврдена прекршочна санкција- глоба, која се преиначува со што погрешно се применува материјалното право.

**3Г14А**

**4Г14А**

Двете одлуки се јасни, разбирливи и материјалното право е правилно применето. Изреката е јасна и конзистентна, а образложението во голема мера ги опфаќа елементите на прекршочната постапка и сторениот прекршок.

**5Г14А**

Одлуката е јасна, разбирлива, материјаното право е правилно применето. Изреката е и јасна и концизна, а насоките за повторно постапување пред првостепениот суд се јасно искажани, притоа укажувајќи на примена на материјалното право за донесување на законита одлука.

**6Г14А**

Апелациониот суд направил превид бидејќи согласно со член 47 став 3 од ЗП (2011 г.) во кој се вели дека судот внимава дали е спроведена постапка за порамнување, а доколку истата не ја спровеле надлежните овластени кои ја поведуваат постапката пред судот, судот пред отпочнување на прекршочната постапка на подготвително рочиште го спроведува порамнувањето.

**7Г14А**

Одлуката е јасна, разбирлива, материјалото право е правилно применето. Изреката е и јасна и концизна, а насоките за повторно постапување пред првостепениот суд се јасно искажани, притоа укажувајќи на примена на материјалното право за донесување на законита одлука.

**8Г14А**

Одлуката е обемна, нејасна, материјалното право е погрешно применето од причина што основниот суд изрекол прекршочна санкција- глоба од 50 евра, повикувајќи се на член 33 став 5 вв со член 390 од ЗБСП (се работи за сообраќајна незгода).

Согласно со член 390 ст. 1 алинеа 1) е предвидено изрекување на забрана за управување со моторно возило од 30 дена до 3 месеци за кое е предвидена глоба во износ од 50 евра.

Апелациониот суд цитира одредба во која вели дека глобата е 45 евра согласно член 390 став 1, а во законот во тој член стои утврдена глоба од 50 евра, а не глоба од 45 евра.

Во случајот санкцијата зголемена двојно, би требала да изнесува 100 евра, а  не 90 евра.

Забраната за управување со моторно возило е изречена за времетраење од 30 дена, а треба да изнесува минимум 3 месеци.

**Заклучок**

**Од анализираните одлуки за поголемиот дел се изведува заклучок дека имаат недостатоци кои во дел не се суштински, додека во дел погрешно се применети позитивните законски прописи.**

## 1.2.3. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ

**Вовед**

Во пристапот на анализата се направија напори да се добијат аноминизирани судски одлуки од Основниот кривичен суд Скопје, меѓутоа беше дозволен само увид во одлуки во просториите на судот, без да бидат доставени на барателот. Образложението дека на порталот на судот нема аноминизирани одлуки заради големиот обем на работа, не е многу прифатлив за стручната јавност. Подоцна, по пат на повторно обраќање и разговори по пат на електронска пошта, беа доставени одлуки кои одговараа на нашите барања. Направена е анализа на вкупно **23 Одлуки од Апелациско подрачје – Скопје,** од кои 11 од Основниот кривичен суд Скопје и 12 од Апелацискиот суд.

Начинот на оценување на одлуките се засноваше на проценка на целата одлука, секој нејзин дел, начинот на изведување на докази, наведувањето на доказите и постоењето на контрадикторност, дали изречената прекршочна санкција е заснована на законските одредби, односно дали е правилно применето материјалното право и дали постојат одредени повреди на водењето на прекршочната постапка, како и упатствата дадени до основниот суд, доколку предметот се враќа на повторно одлучување.

Предвид беа земени прекршоци од јавниот ред и мир и прекршоци во сообраќајот, каде обвинетиот е физичко лице (граѓанин). Анализата за секоја одлука е дадена подолу во текстот.

### *а) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ*

**1С21О**

Се констатира дека судијата при постапување по поднесеното барање одржува усен претрес. Притоа, во самата одлука во целост се цитирани изјавите на обвинетиот и

оштетениот, како и сведокот, што ја прави одлуката обемна, а со тоа и нејасна во делот на образложението кое е дадено на 10 страници. Останува дилемата дали една прекршочна одлука треба да содржи толку обемно образложение, со цитирање на сите изјави. Сепак, може да се констатира дека во целост се испочитувани законските одредби од законите.

**2C21O**

Во изреката на одлуката е наведен само членот 123 т. 10 од Законот за прекршоците, по кој обвинетиот се ослободува од одговорност, притоа не посочувајќи дека истиот член се однесува на случај кога нема докази дека обвинетиот го сторил предметниот прекршок, но сепак во образложението тоа е посочено (се наведува дека од изведените докази не може да се утврди дека обвинетиот го сторил прекршокот).

**3C21O**

Одлуката е донесена во отсуство на обвинетиот, меѓутоа во целост се применети законските одредби кои се однесуваат за физички лица, во случајот се работи за прекршочна санкција - глоба изречена во износ од 250 евра (предвидена во износ од 15 до 250 евра). Постапено е по позитивните законски прописи. Направена е техничка грешка во образложението во делот каде се посочува дека повратницата од 06.04.2020 година е вратена во судот со назнака „известен на ден 26.03.2020 не побарал“, при што не може да се утврди на кој ден обвинетиот бил известен.

**4C21O**

Одлуката е донесена во отсуство на обвинетите (4) врз основа на приложените докази сметајќи дека истите се уредно повикани и дека има доволно докази врз основа на кои судот може да донесе одлука без да ги испита. Не е изречена максимална предвидена прекршочна санкција- глоба и притоа се одземени и предметите со кои е сторен прекршокот. Постапката е во целост водена согласно позитивните законски прописи.

**5C21O**

Одлуката е донесена во отсуство на обвинетиот, притоа сметајќи дека истиот бил уредно повикан и не се јавил во судот, ниту го оправдал својот изостанок, а судот сметал дека од

приложените докази може да донесе одлука и без да го испита обвинетиот, изрекувајќи максимално предвидена прекршочна санкција- глоба. Поканата е ставена на огласна табла на судот, а судот не располага со податок за адресата на живеење на обвинетиот во моментот кога поканата е ставена на огласната табла на судот. Последното е особено важно од причина што прекршокот е сторен на 15.12.2016 година, а барањето е доставено на 10.01.2017 година, каде до денот на ставањето на огласна табла (11.04.2019 г.) се изминати повеќе од две години. Претходно се проверува дали обвинетиот живее на таа адреса, а потоа се поставува поканата на огласна табла. Кога поканата се става на огласна табла согласно законот, треба да се посочи и членот од законот по кој се предвидува ваква постапка за огласување/ поканување.

**6C21O**

Одлуката е донесена во отсуство, обвинетиот е повикан преку лична достава, а судот сметал дека врз основа на приложените докази кон барањето ќе може да се утврди фактичката состојба, притоа правилно се применети законските одредби.

**7C21O**

Се работи за прекршок, каде што обвинетиот регистрирал негативни бодови, а судот постапува само во делот за изрекување на прекршочната санкција: забрана за управување со моторното возило. Од таа причина обвинетиот уредно лично викан, не се јавил во судот, а судот сметал дека врз основа на списите приложени кон предметот ќе може да му изрече прекршочна санкција- забрана за управување со моторното возило за три месеци, водејќи сметка за утврдената количина на алкохол во организмот и фактот дека обвинетиот претходно не бил прекршочно казнуван.

**8C21O**

Се работи за сообраќајна незгода, при која обвинетиот сторил два прекршока при што му е изречена единствена прекршочна санкција- глоба и забрана за управување со моторното возило за три месеци. Од висината на изречената прекршочна санкција- глоба согласно законот зависи и висината на изречената санкција- забрана за управување со моторното возило за три месеци. Во случајот е изречена прекршочна санкција- глоба во износ од 198 евра во денарска противвредност од 12.180 денари. Обвинетиот не го признал сторениот

прекршок, а судот го сослушал очевидецот и подносителот на прекршочната пријава и притоа ги разгледал списите и при одмерување на прекршочната санкција ги имал предвид сите околности, но не ја прифатил и не и поклонил верба на дадената изјава од обвинетиот, бидејќи сметал дека е неаргументирана и спротивна на изведените докази.

Спроведена е контрадикторна постапка, во која се изведени сите потребни докази врз основа на кои судот правилно донел одлука.

**9C21O**

Одлуката е донесена во присуство на обвинетиот. Судот му изрекол прекршочна санкција- забрана за управување со моторно возило од 3 месеци, имајќи предвид дека количината на алкохол во организмот е 0.55 промили, притоа водејќи сметка дека обвинетиот е семеен човек, вработен, а моторното возило му е неопходно за работните задолженија. Воедно, судот зел предвид дека обвинетиот изразил жалење и каење за сторениот прекршок и претходно не бил прекршочно казнуван и затоа го изрекол минимумот на предвидената санкција.

**10C21O**

Постапката е водена во отсуство на обвинетиот кој бил уредно повикан, но не се јавил и не го оправдал својот изостанок, а судот сметал дека врз основа на доставените списи по предметот може да донесе одлука бидејќи сопственикот на возилото истото го дал да го управува лице кое немало важечка возачка дозвола, а учествувало во сообраќајна незгода. Од тие причини судот ја изрекол максимално предвидената санкција- глоба.

**11C21O**

Изречена е прекршочна санкција- забрана за управување со моторно возило, во отсуство на обвинетиот кој бил уредно повикан, но не се јавил и не го оправдал својот изостанок. Судот сметал дека има доволно докази да донесе одлука без испитување на обвинетиот, земајќи ги предвид списите, а особено фактот дека обвинетиот движејќи се со поголема брзина од дозволената која е измерена со радар и констатирана на записник, а обвинетиот го потпишал записникот со што го признал сторениот прекршок. Судот водејќи сметка за списите во предметот донел одлука согласно законот во отсуство на обвинетиот, ценејќи

ги сите околности предвидени по законот (како олеснителни така и отежнителни) и правилно ја одмерил донесената прекршочна санкција.

**Заклучок**

**Анализираните одлуки доставени од Основниот кривичен суд воглавно се прецизни и јасни со доволно изведени докази, кои доведуваат до заклучок дека судот води сметка за контрадикторност на постапката и правилно ги одмерува изречените санкции. Кај одредени одлуки образложениета е преобемно, па заради обемноста одлуката не е доволно јасна и концизна. Исто така се забележува дека се прават технички грешки при изготвувањето на една од одлуките.**

### *б) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

**1С21А**

Одлуката е темелно разработена, се внимавало на сите битни елементи на прекршокот, меѓутоа истата е обемна и со повторување на самата одлука која се цени.

**2С21А**

Концизна, прецизно разработена, јасна и недвосмислена одлука која упатува на законските одредби на кои се заснова истата.

**3С21А**

Прецизна, јасна одлука која упатува на законските одредби, но не споменува/наведува дали првостепениот суд ценел и олеснителни околности при ублажувањето на прекршочната санкција- забрана за управување со моторно возило, кој на обвинетиот му изрекол прекршочна санкција за управување со моторно возило од 1 месец согласно со член 29 од ЗП (од 1 месец до 12 месеци).

Во случајот Апелациониот суд изрекува построга санкција- забрана за управување со моторно возило и тоа не го образложува.

**4C21A**

Обемна, во голема мера е образложена, фокусирана на битните елементи на сторениот прекршок и извршено е обемно образложување за примена на законските одредби.

**5C21A**

Апелациониот суд точно и прецизно појаснува зошто го прифаќа ублажувањето на изречената прекршочна санкција- забрана за управување со моторно возило за 1 месец, посочувајќи дека е поткрепена со докази кои се во прилог на обвинетиот, согласно со член 29 од ЗП (од 1 месец до 12 месеци).

Споредбено со одлуката **3C21A** се поставува прашање како во овој случај е потврдена одлуката на основниот суд, а во претходниот случај (наведената одлука) е зголемена прекршочната санкција. Со оглед дека не располагаме со одлуките од основниот суд по овие два предмети, не можеме да направиме целосна компарација.

**6C21A**

Точно и прецизно се опфатени сите елементи на одлуката која е донесена. Правилно и целосно утврдена фактичка состојба, изреката е јасна и концизна и упатува на заклучоците.

**7C21A**

Се работи за прекршок сторен во 2015 година, а одлуката се носи 2020 година, што упатува на заклучок дека постапката се води 5 години и 4 месеци. Се поставува прашањето каков е ефектот од толку долготрајно водење на прекршочна постапка од областа на прекршоците од јавен ред и мир и како истата ги погодува сторителите.

**8C21A**

Одлуката не е образложена во голем обем, без посебни аргументи за поднесената жалба (не е опфатена во доволен обем поднесената жалба), а истата се одбива. Контрадикторноста не е запазена во обем потребен за донесување на ваква одлука.

**9C21A**

**10C21A**

**11C21A**

**12C21A**

Во погоренаведените одлуки точно и прецизно се опфатени сите елементи на секоја од донесените одлуки. Изреката е јасна и концизна и упатува на заклучоците. Правилно и целосно е утврдена фактичка состојба, а материјалното право е правилно применето.

**Заклучок**

**Одлуките се во основа концизни, јасни и разбирливи, со доволен опис на спротивставени аргументи. Воедно се цитирани закони и објаснувања за причините поради кои се прифатени или не се прифатени жалбените наводи, притоа водејќи сметка за секој сегмент од одлуката на основниот суд и ценејќи ја во целост, а не само во делот кој е обжален.**

**Со анализата се опфатени одлуки од различна прекршочна област и со различни одлуки кои се во основа правилно оценети и објаснети со доволен број аргументи, а притоа секогаш е ценет и поблагиот закон доколку е тоа наведено во жалбените наводи. Во еден случај не можеше да се направи проценка за поминувањето на подолг временски период од донесената одлука до постапувањето на апелациониот суд. Може да се претпостави дека ова се случува заради обемот на работа и малиот број судии кои постапуваат по голем број предмети од прекршочната област. Секако, овие проценки би биле предмет на друга поопсежна анализа.**

# 1.2.4 КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ ШТИП

**Вовед**

Направена е анализа на **вкупно 8 одлуки, од кои 4 одлуки донесени од основните судови на Апелационото подрачје- Штип и 4 одлуки од Апелационен суд- Штип**.

Начинот на оценување на одлуките се засноваше на проценка на целата одлука, секој нејзин дел, начинот на изведување на докази, наведувањето на доказите и постоењето на контрадикторност, дали изречената прекршочна санкција е заснована на законските одредби, односно дали е правилно применето материјалното право и дали постојат одредени повреди на водењето на прекршочната постапка, како и упатствата дадени до основниот суд доколку предметот се враќа на повторно одлучување.

Предвид беа земени прекршоци од јавниот ред и мир и прекршоци во сообраќајот, каде обвинетиот е физичко лице (граѓанин).

## *а) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ ШТИП*

**1Ш8О**

Глобата е одмерена во минимални граници под определениот законски минимум бидејќи обвинетиот е невработен и наместо запретената глоба во висина од 3500 до 4000 евра, изречена е во висина од 100 евра, иако законот предвидува износ од 250 евра. Причината е невработеноста на обвинетиот, но судот истата не ја утврдил со непосреден доказ и на истиот не му предложил општокорисна работа согласно законот. Не се испитани сите околности што би го направиле прекршокот полесен.

**2Ш8О**

Изречена е прекршочна санкција- опомена, меѓутоа не е водено сметка дека опомена не може да се изрече ако сторителот не ја исполнил пропишаната обврска, како и кога се

предизвикани штетни последици, а е загрозен и јавниот интерес. Погрешно е применето материјалното право.

**3Ш8О**

Изречена е парична казна во висина од 400 евра. Не е применет поблагиот закон за сторителот, до 250 евра согласно со ЗП од 2019 г. Предложените изведени докази не се поединечно наброени, истите не содржат број и датум, притоа нема констатација за проверка на изведените докази со изјавата на обвинетиот, како и дали истите се во корелација со таа изјава. Постапката не е спроведена врз принципот на контрадикторност.

**4Ш8О**

Изречената глоба не е согласно со член 26 ст. 1 од ЗП од 2019 година и со тоа не е применет поблагиот закон за сторителот, иако се повикува на тој закон. Правилно не ја одмерува висината на глобата. Максималната глоба е од 15 до 250 евра и изречена е глоба од 400 евра. Има дадена изјава на сведокот без констатација каде е распрашан сведокот и дали истата изјава е во корелација со останатите изведени докази. Не е застапена контрадикторност во постапката. Повредени се правата на обвинетиот. Погрешно е применето материјалното право.

**Заклучок**

**Од сите анализирани одлуки може да се заклучи дека во поголем обем одлуките се донесени врз основа на материјалното право, но во еден мал дел се констатира дека има погрешна примена на материјалното право. Не е водена сметка за контрадикторност на постапката, а некаде е изречена глоба без притоа да се појасни дали истата е ублажена или не.**

### *б) ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП*

**1Ш8А**

Одлуката е нејасна и неразбирлива, бидејќи во истата е цитиран записник за извршена контрола на брзината на движењето на возилото, а не и записникот за извршено алкотестирање. Ова е од причина што прекршокот е сторен согласно член 228 став 1, а казнив по член 228 став 7 од ЗБСП – обинетиот го управувал возилото под дејство на

алкохол, а не со недозволена брзина на движење. При цитирање на изведените докази е направена грешка.

**2Ш8А**

Одлуката е разбирлива, јасна, водејќи сметка за примената за законот, но истата е кратка и содржи кратко образложението за првостепената одлука.

**3Ш8А**

Одлуката е разбирлива и истата содржи напатствија за постапување на првостепениот суд и за сторените суштетсвени повреди на постапката како и напатствијата за изведување на потребните докази и нивна процена со укажување под кои околности судот може да смета дека истите се олеснителни и да го примени притоа поблагиот закон.

**4Ш8А**

Одлуката е јасна и концизно образложена, а притоа се опфатени сите понудени докази како и жалбените наводи на подносителот на барањето.

**Заклучок**

**Одлуките на Апелациониот суд Штип се кратки и со помалку објаснувања (во споредба со одлуките на Апелациониот суд Скопје на пример), но сепак се разбирливи, се водело сметка за примената на законите, освен во одлуката 1Ш9А каде како доказ се наведува записник за брзина на движењето, а сторениот прекршок е за управување под дејство на алкохол, што е контрадикторно, нејасно и неразбирливо.**

## 2. АНАЛИЗА НА ВОЕДНАЧЕНОСТА НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

- При анализата на судските одлуки од примерокот од четирите апелациони подрачја, може да се согледа дека постои поголема воедначеност на одлуките донесени во рамки на апелационите подрачја Скопје и Битола.
- Постои потреба од поголема воедначеност кај судските одлуки на апелационите подрачја Гостивар и Штип.

- Не е возможно да се направи проценка по однос на правни прашања, за кои македонска судска пракса, односно Врховниот суд има донесено начелни правни ставови, начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци и одлуки или заклучоци на средби на апелационите судови, во прекршочната постапка затоа што не можеа да се прибават.
- Забележително е дека кај дел од одлуките се јавува застареност на прекршочното гонење.

- Во одредени случаи кај сообраќајните незгоди, не се издава мандатен, прекршочен платен налог кој треба да се плати во рок од 8 дена согласно законот, со што на обвинетиот му се изрекуваат повисоки трошоци од потребното во прекршочна постапка.
- Се забележува дека во одредени случаи одлуката се носи во скратена постапка и без образложение, во отсуство на обвинетиот, односно без сослушување на обвинетиот, без да се води сметка во кои случаи може да не биде составено образложение во скратената постапка, иако во законот се таксативно наведени случаите во кој судот може да донесе одлука без образложение. Кај ваквите одлуки се констатира погрешна примена на материјалното право.
- Кога се работи за ублажување на прекршочна санкција- глоба, не се образложуваат причините за направеното ублажување на казната и не се наведува основ по кој е изречена глобата (не се наведуваат членовите од ЗП)
- Постои разлика во изречените прекршочни санкции- глоби, кога судот се повикува на законот каде глобите се различни од оние на кои упатува судот преку одредба, а постојат случаи кога прекршочната санкција која треба да биде зголемена двојно би требала да биде изречена во судската одлука во друг износ од пропишаниот.
- Постои разлика во изрекувањето на прекршочната санкција- забрана за управување со моторно возило, односно се изрекува поблага санкција (пример: изречена за времетраење од 30 дена, а треба да изнесува минимум 3 месеци).
- Кај дел од одлуките се констатира изрекување на построга санкција- забрана за управување со моторно возило без да се образложува.
- Се поставува прашање за обемноста на образложението, односно потребата да биде направено со цитирање на сите изјави, што го прави преобемно и тешко за читање, а притоа одлуката не е доволно јасна и концизна.
- Кај дел од одлуките се јавуваат технички и јазични грешки во образложението.